Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/24

# З А П И С Н И К

**од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 март 2020 година**

**Скопје, март 2020 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 март 2020 година**

Седницата започна во 17:02 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Кире Наумов, директор на Развојната банка на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република

Северна Македонија Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Хусни Исмаили, министер за култура, Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**Пред преминување на Дневен ред**

- Информација за извршени инспекциски надзори, за 20.3.2020 – сумарен (преземени и планирани активности)

1. Записник од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 март 2020 година

2. Информација за потребата од редизајнирање на Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) и Кредитната линија за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија со цел ставање на истите во функција на намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19

3. Предлог-одлуки за давање согласност на решенија за отстапување на одземени предмети (вкупно 8 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка

4. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 21 моторни возила) во кривична и прекршочна и во управна постапка и Предлог- одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Илинден

5. Информација во врска со трендот на извоз на рафинирано сончогледово масло за јадење, ориз, кондиторски и пекарски производи (тестенини, бисквити и слично), за периодот од 1 март 2020 година до 12 март 2020 година, споредени со истиот период во 2019 година

6. Предлог-одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки

7. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка - царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало,

неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени

8. Предлог-уредба со законска сила за примена на Законот за процена за време на вонредна состојба

9. Предлог-уредба со законска сила за примена на Законот за катастар на недвижности за време на вонредна состојба

10. Предлог-уредба со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредна состојба

11. Предлог-уредба со законска сила за примена на Законот за јавните собири за време на вонредна состојба

12. Предлог-уредба со законска сила за примена на Законот за странци (*) за време на вонредна состојба

13. Предлог-уредба со законска сила за примена на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија за време на вонредна состојба

14. Предлог-уредба со законска сила за примена на Закон за личната карта за време на вонредна состојба

15. Информација во врска со трошоците кои настануваат при обезбедување на ВИП личности

16. Информација за начинот на спроведување на мерките на Кризниот штаб за детална контрола на границите при влегување од кризните региони во Република Северна Македонија

17. Информација за активностите за справување со затекнатите државјани на Република Северна Македонија во странство, со Предлог-одлука за спроведување на задожлителен државен карантин на државјаните на Република Северна Македонија вратени од странство со хуманитарни летови

18. Информација за Приоритетни електронски услуги

19. Кадровски прашања

20. Прашања и предлози

21. Предлог-уредба со законска сила за утврдување на задачи на Армијата на Република Северна Македонија за време на траењето на вонредната состојба

*

*　　　*

**Пред преминување на Дневен ред**

- **Информација за извршени инспекциски надзори, за 20.3.2020 – сумарен (преземени и планирани активности)**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со Извештај за 20.3.2020 година - сумарен (преземени и планирани активности), како материјал за информирање.

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа и усвои Записникот од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 март 2020 година

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Се задолжува Комисија за заразни болести при Министерството за здравство, да подготви детален писмен предлог со мерки и препораки за воведување на најстроги рестриктивни мерки во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 (забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија за време на ден и во ноќ, организирање на јавниот превоз, сменско работење, опфатени категории на лица по возраст) и истите да ги достави до Владата, за седницата што ќе се одржи на 21 март 2020 година (сабота).

Согласно ова, се задолжува д-р Венко Филипче, министер за здравство, да определи двајца епидемиолози што ќе присуствуваат на седницата на Влада, со цел да ги образложат предложените мерки и препораки на членовите на Владата.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија да направат детален оперативен план за спроведување на најстроги рестриктивни мерки што ќе ги преземе Владата, со цел спречување, внесување и ширење на Коронавирусот COVID – 19.

3. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, во рамките на нивните надлежности, веднаш

да пристапат кон спроведувањето на  досегашните донесени мерки и препораки од страна на Владата.

4. Сите лица што не ја почитуваат мерката за самоизолација да бидат спроведени во државен карантин и против истите да биде поведена соодветна постапка, трошоците за време на престојот во државен карантин ќе бидат на товар на лицата што не ја почитувале оваа мерка.

За ова, се задолжува Министерството за правда, во соработка со Министерство за здравство да подготви соодветна уредба со законска сила во која правно ќе ја нормира целокупната постапката за спроведување во државен карантин.

5. Се задолжува Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со Министерството за економија и Министерството за правда, да подготват уредба со законска сила во која правно ќе ги нормираат надлежностите на сите инспекторати и инспектори (надлежностите од инспекторите во Државниот пазарен инспекторат да бидат пренесени на сите инспекциски служби).

*

* *

Истовремено, на предлог на м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Владата заклучи да се измени Заклучокот под реден број 5 од Дваесеттата седница на Владата, одржана на 16 март 2020 година и да гласи:

- Професионалните возачи на товарните возила кои влегуваат и излегуваат од Република Северна Македонија, а кои не поседуваат дозволи издадени од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, да бидат пропуштени на граничните премини при влез и излез, но истите се должни да ја обезбедат и приложат дозволата не подоцна од 24 март 2020 година.
- Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави документ во ексел верзија кој го располага за вкупно издадените сертификати на професионалните возачи за учество во меѓународен патен сообраќај до Министерството за внатрешни работи. Лицата наведени во овој документ задолжително поседуваат важечки сертификат за учество во меѓународен патен сообраќај издаден од Министерството за транспорт и врски, со цел истите да не подлежат на полициски проверки за постапување по изјавата за самоизолација.

## <u>Точка 2</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од редизајнирање на Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) и Кредитната линија за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија со цел ставање на истите во функција на намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19, со Предлог-анекс кон договор за администрирање на Посебен кредитен фонд и  Предлог-анекс кон договор за воспоставување на кредитна линија за

енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од редизајнирање на Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) и Кредитната линија за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија со цел ставање на истите во функција на намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19.

2. Го усвои текстот на Предлог-анексот кон договор за администрирање на Посебен кредитен фонд и ја овласти д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, во име на Владата да го склучи Анекс-договорот со Развојна банка на Северна Македонија во насока ставање на средства во износ од 276.750.000 денари (4,5 милиони евра) во функција на намалување на последиците по економијата од Корона вирусот COVID-19.

3. Го усвои текстот на Предлог-анексот кон договор за воспоставување на кредитна линија за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија и ја овласти д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, во име на Владата да го склучи Анекс-договорот со Развојна банка на Северна Македонија во насока ставање на средства во износ од 61.500.000 денари (1 милион евра) во функција на намалување на последиците по економијата од Корона вирусот COVID-19.

4. Се задолжува Развојната банка на Северна Македонија да ги преземе сите неопходни чекори за оперативно да постапи по овие заклучоци.

## Точка 3

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуките за давање согласност на Решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 8 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка, за наредната седница на Владата, поради потребата Управниот одбор на Агенцијата да ги прераспредели возилата, односно дел од нив да отстапи на Министерството за одбрана – Армијата на Република Северна Македонија.

## Точка 4

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 21 моторни возила) во кривична и прекршочна и во управна постапка и Предлог-одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање на согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на општина Илинден, за наредната седница на Владата, поради потребата Управниот одбор на Агенцијата да ги прераспредели возилата, односно дел од нив да отстапи на Министерството за одбрана – Армија на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со трендот на извоз на рафинирано сончогледово масло за јадење, ориз, кондиторски и пекарски производи (тестенини, бисквити и слично), за периодот од 1 март 2020 година до 12 март 2020 година, споредени со истиот период во 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од дневниот ред Предлог-одлуката за укинување на увозната давачка-царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени.

**Точка 8**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за процена за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за катастар на недвижности за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата со заклучок Министерството за внатрешни работи да го усогласи текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за јавните собири за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за странци(*) за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Закон за личната карта за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со трошоците кои настануваат при обезбедување на ВИП личности.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на спроведување на мерките на Кризниот штаб за детална контрола на границите при влегување од кризните региони во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за активностите за справување со затекнатите државјани на Република Северна Македонија во странство, со Предлог- одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за спроведување на задолжителен државен карантин на државјаните на Република Северна Македонија вратени од странство со хуманитарни летови.

По овој повод Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Владата формира работна координативна група, со која да раководи д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и во состав: Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за надворешни работи, со цел обезбедување на логистичка поддршка и операционализирање на Одлуката за спроведување на задолжителен државен карантин на државјаните на Република Северна Македонија вратени од странство со хуманитарни летови и условите на преземање и транспорт на лицата до објектите во кои ќе бидат сместени овие лица во државен карантин.

2. Плаќањето на авионската карта за организираниот лет ќе биде на товар на патникот, додека трошоците за сместување, транспорт од аеродром и храна ќе бидат на товар на Буџетот на Република Северна Македонија.

3. Објектите кои ќе бидат определени за државен карантин да бидат обезбедувани од страна на припадниците на Министерството за внатрешни работи и припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (секој кат од објектот, секој влез и излез на објектот и просторот околу објектот).

4. Периодот во кој овие лица ќе бидат сместени во државен карантин да биде најмалку 15 дена, веднаш по нивното слетување.

5. Лицата кои ќе бидат сместени во државен карантин да бидат по едно до две лица во просторија.

6. Храната за овие лица да се дистрибуира директно до просториите, а хигиената во истите да ја одржуваат сами.

За ова, доколку е потребно, се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда да подготват Предлог-уредба со законска сила во која правно ќе се нормираат овие заклучоци.

## <u>Точка 18</u>

Владата ја разгледа Информацијата за приоритетни електронски услуги и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и Управата за јавни приходи, во рок не подолг од два дена до Министерството за информатичко општество и администрација да достават предлог за воведување на три услуги од својот ресор за физички лица кои треба да се постават на Националниот портал за електронски услуги заради нивна достапност за граѓаните на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и Управата за јавни приходи, во рок не подолг од пет дена да ги верификуваат определените приоритетни услуги во Каталогот на услуги преку лицата

определени за верификатори на електронски услуги и за истото веднаш да го известат Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 19**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 20**

1. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски ги информираше членовите на Владата дека донел одлука за формирање економски совет/тим, во состав:
-Таки Фити, Абдулменаф Беџети, Зоран Јовановски, Фатмир Бесими, Трајко Славески, Димитар Ковачевски, Никола Поповски, Ванчо Узунов, Светозар Јаневски, Фатмир Битиќи, Павле Гацов,Борче Треневски, Марјан Петревски, Андреја Јосифовски, Виктор Мизо, Драган Тевдовски и Предраг Трпевски.

Во работата на економскиот совет/тим да учествуваат и претставници од трите стопански комори на Република Северна Македонија.

Исто така, како членови по функција во економскиот совет се: заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

Првиот состанок на овој совет ќе се одржи на 21 март.2020 година (сабота), со почеток во 14:00 часот.

2. По повод Заклучокот донесен на Дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 18 март 2020 година по точка 1, а во врска со Преземање дополнителни мерки и активности за спречување на внесување, превенција и ширење на Коронавирус COVID-19, Владата заклучи Заклучокот број 2 да се измени и да гласи:

„2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи на секое лице кое ги напушта границите на Република Северна Македонија, да му даде да потпише лична изјава во која изјавува дека ја напушта територијата на Република Северна Македонија на своја одговорност и дека е запознаен дека заради пандемијата со вирусот COVID-19, голем број земји ги затворија граничните премини и е откажано или оневозможено движење во странство, поради што надлежните државни органи на Република Северна Македонија не можат да им гарантираат навремена помош за враќање во земјата.

Исклучок од ова се возачите на товарните моторни возила кои секојдневно преминуваат граничен премин од и во Република Северна Македонија или граѓани кои ги напуштаат границите поради здравствени причини или лекување во странство.

3. По повод укажувањето на Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори се задолжува Министерството за економија да подготви и веднаш до Владата да достави:

- Правилник со кој ќе се забрани искористување на нафта и нафтени деривати од државните резерви.

- Предлог-уредба со законска сила со која ќе се одложат роковите од Законот за трговските друштва (поврзани со тековното работење на трговските друштва од годишни собранија на акционери, финансиски извештаи итн.).

<u>Точка 21</u>

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за утврдување на задачи на Армијата на Република Северна Македонија за време на траењето на вонредната состојба, за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 21 март 2020 година (сабота), поради потребата истата да се усогласи помеѓу Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:25 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |